Механизам за граѓанските организации е спроведуван од ЕВРОТИНК, Еко-свест, Реактор и Зенит.
инансиран од Европската Унија, ИПА Програма за граѓанско општество и медиуми 2014, грант број IPA / 2015 / 370-964,
м за граѓанските организации (IPA2CSO).

# ПОКАНА

## Годишна конференција на ИПА2 Механизам за граѓански организации
## 16- 17 мај 2017 г.
## Локација хотел Белви-Метропол, Охрид

Почитувани претставници на граѓанските организации,

Во името на Центарот за европски стратегии ЕВРОТИНК, Центарот за истражување и информирање за животната средна Еко-свест, Реактор – истражување во акција и Асоцијација за развојни иницијативи – Зенит, со задоволство Ве покануваме на годишната средба на ИПА 2 Механизмот за граѓанските организации.

Настанот ќе се одржи на 16-ти и 17-ти мај 2017-та година, во хотел Метропол, Охрид. Пријавувањето се врши со пополнување на формулар за пријавување.

Годишната средба претставува место каде граѓанските организации дискутираат и бараат решенија за секторските предизвици, но и споделуваат добри практики, идеи за секторска комуникација и вмрежување. На настанот ќе бидат презентирани досега спроведените активности на ИПА 2 Механизмот, како и активностите планирани за во иднина.

Би ни претставувало особено задоволство доколку Вие или претставник на Вашата организација учествува на настанот.

Со почит,

IPA2CSO проектен тим

Механизам за граѓанските организации е спроведуван од ЕВРОТИНК, Еко-свест, Реактор и Зенит.
инансиран од Европската Унија, ИПА Програма за граѓанско општество и медиуми 2014, грант број IPA / 2015 / 370-964,
м за граѓанските организации (IPA2CSO).

**Логистички информации и услови за пријавување**

Настанот ќе се одржи на **16-ти и 17-ти мај 2017-та година, во хотел Метропол, Охрид**. Се очекува конференцијата да започне на 16-ти мај во 11:30 часот и да заврши на 17-ти мај во 17:00 часот.

Препорачливо е секоја организација да номинира по еден учесник. Доколку граѓанската организација делува во повеќе сектори, може да пријави и повеќе од еден учесник со цел да ги покрие сите сфери на интерес.

Пријавувањето за конференцијата се врши со пополнување на формуларот за пријавување.

При селекцијата на учесници предност ќе им се даде на првопријавените, а имајќи ја предвид рамномерната застапеност на организации од сите осум сектори.

**Повикот за пријавување е отворен заклучно до 3 мај 2017 година**. Селектираните учесници ќе бидат известени најдоцна до 5 мај 2017 година.

Претставниците што добиле потврда за учество, но од оправдани причини, не се во можност да присуствуваат на годишната средба, се должни да го известат организаторот најмалку три дена пред настанот. Во спротивно, потребно е да номинираат нивен заменик од истата организација што ќе присуствува на годишната средба. Доколку учесникот отсуствува од три или повеќе сесии, сам ги сносува трошоците за сместување и транспорт.

Превоз до локацијата на настанот е организиран за сите учесници, за времето и местото на поаѓање учесниците ќе бидат навремено известени. Доколку користите сопствен превоз имајте предвид дека трошоците ќе ви бидат покриени во висина на повратен автобуски билет до локацијата.

Сместувањето е во хотел Метропол и хотел Белви во двокреветни соби, доколку сакате да бидете сместени во еднокреветна соба доплатата изнесува 600 МКД.